Ние во Алма-М веќе 35-та година сериозно ги проучуваме и подготвено ги пречекуваме сите промени и новости кои доаѓаат, преку развој, дејствување и трансформација на бизнисот, носејќи нови квалитети за нашите клиенти. Посветуваме посебно внимание на развој на човечките ресурси. Привлекуваме, развиваме и задржуваме најдобри професионалци и наградуваме за нивните резултати.

**Алма – М ДООЕЛ**
Качанички пат бр.65а, Скопје
www.alma-m.mk
е-пошта: vrabotuvanje@alma-m.mk

објавува **ОГЛАС** за следната работна

| | |
|---|---|
| Позиција: | **АРХИВАР-ОПЕРАТОР ВО КНИГОВОДСТВО** |
| Датум на објава: | 8 Јуни 2026 |
| Рок за пријавување до | 21 Јуни 2026 |
| Број на оглас: | О-260608-ФИ-АО |
| Сектор: | Финансии |
| Локација: | СКОПЈЕ |

**Работни задачи:**

- познавање и работа на материјално и финансиско работење,
- анализа на спецификации на конта,
- сложување на картици и изготвување на записници,
- книжење, прибирање и редење на патни налози и товарни листи, проверка на трошковници за гориво,
- правење на компензации,
- изготвување на месечни извештаи за трговија за Завод за Статистика,
- печатење на дневен фискален извештај, негова контрола и срамнување,
- книжење на изводи,
- проверка на претплати, анализа и нивно решавање,
- салдирање/фактурирање,

**Потребни квалификации и вештини**:

- Минимум завршено средно образование,
- Одлична комуникација,
- Професионално однесување,
- Организиран/а и аналитичен/а,
- Мотивирана и стабилна личност,
- Динамичен/а, проактивен/а и насочен/а кон резултати,
- Способност за индивидуална и тимска работа,
- Позитивен однос кон промени,
- Работа и познавање од компјутери (MS Office пакет),
- Пожелно е поседување возачка дозвола Б – категорија, но не е задолжително,
- Пожелно е познавање на англиски јазик.

**Потребно искуство**:

- Претходно работно искуство ќе се смета за предност.

Сите што ги поседуваат горенаведените квалификации и вештини **СЕ ПОКАНЕТИ ДА АПЛИЦИРААТ со** нивната професионална биографија која може да ја достават на следната е-пошта: vrabotuvanje@alma-m.com.mk со **задолжителна назнака на бројот на оглас, во насловот на пораката**.

**Напомена:**

- **САМО** кандидат(к)ите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат контактирани.
- Апликациите **без назнака на бројот на оглас, во насловот на пораката, НЕМА** да бидат разгледани!
- Дневно работно време е ВО ДВЕ СМЕНИ (од 06.00-14.00 часот и од 10.00-18.00 часот), од понеделник до петок.
- Рок во кој ќе се изврши изборот со интервјуирање – доколку на огласов се пријават до 200 кандидати, изборот ќе се изврши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати, изборот се врши во рок од 90 дена и над 500 кандидати, изборот се врши во рок од 120 дена, по истекот на рокот за пријавување.
- Со поднесување на Вашата апликација за вработување (CV), потврдувате дека сте согласни Вашите лични податоци да бидат чувани во база и обработувани за намена за сегашно или идно вработување од страна на АЛМА-М ДООЕЛ Скопје или од трето лице ангажирано за таа цел согласно Закон. Доколку не сте согласни, Ве молиме тоа да го наведете во апликацијата.
- Ве молиме без телефонски јавувања

*АЛМА-М ДООЕЛ Скопје е секогаш отворена за соработка со кандидати кои се вредни ентузијасти и сакаат да работат со тим кој секогаш е спремен за нови предизвици во иновативна и динамична околина.*